**20091583400**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18.12.2009 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЛАБОРАТОРИСКИТЕ ИСПИТУВАЊА ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ПО УПАТ НА ИЗБРАН ЛЕКАР**

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/2006, 41/2007, 62/2007 и 86/2007), во членот 4 став 1 алинејата 2 (структура на населението по возрасни групи) се брише.

Член 2

Во членот 5 од правилникот во ставот 1, зборот „обезбедените“ се брише.

Во истиот член во ставот 2 алинајата 2 (бројот на осигурените лица и структурата на возрасните групи што го избрале избраниот лекар) се брише.

Член 3

Членот 7 од правилникот се брише.

Член 4

Членот 8 се менува и гласи:

„Месечниот надоместокот за извршените лабораториски испитувања претставува потенцијален месечен износ кој може да го оствари задравствената установа која врши лабораториски услуги, добиен како просечен износ од остварените средства од Фондот во последните три месеци (септември, октомври и ноември) од 2009 година, остварени врз основа не претходно склучен договор со Фондот.

Надоместокот од став 1 на овој член, здравствената установа која врши лабораториски услуги го остварува врз основа на доставени фактури за извршени здравствени услуги за месецот за кој се исплатува надоместокот, но не повеќе од месечниот надоместок утврден според став 1 на овој член.

Фактурирањето на лабораториските испитувања од став 2 на овој член се врши според цените утврдени со Ценовникот на здравствените услуги во Република Македонија или според утврдени референтни цени од Управниот одбор на Фондот, доколку истите бидат утврдат.“

Член 5

Членот 8-а се менува и гласи:

„Месечниот надоместокот за извршените лабораториски испитувања претставува потенцијален месечен износ кој може да го оствари задравствената установа која врши лабораториски услуги, врз основа на планираните средства за лабораториските

испитувања во специјалистичко-консултативна здравствена заштита определени во буџетот на Фондот и во зависност од остварениот вид и обем на здравствени услуги во претходниот период, односно предходната година.

Надоместокот од став 1 на овој член, здравствената установа која врши лабораториски услуги го остварува врз основа на доставени фактури за извршени здравствени услуги за месецот за кој се исплатува надоместокот, но не повеќе од месечниот надоместок утврден според став 1 на овој член.

Фактурирањето на лабораториските испитувања од став 2 на овој член се врши според утврдени референтни цени од страна на Управниот одбор на Фондот."

Член 6

Членот 9 од правилникот се брише.

Член 7

Во членот 10 став 1 од правилникот, зборовите: „на капитацијата" се бришат, а по зборовите: „член 8" се додаваат зборовите: и „член 8-а".

Член 8

Членот 11 од правилникот се брише.

Член 9

Одредбите на членот 8 од овој правилник ќе се применуваат до 30.09.2009 година, а одредбите од член 8 а ќе се применуваат од 01.10.2010 година.

Член 10

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-24077/5
18 декември 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Беким Сали**, с.р.